# ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006
EUROPEAN UNION

СТРУМИЦА, ШТИП и КУМАНОВО – 20-22.02.2018
**Инфо кампања – Втор повик**

# *Воспоставување на Партнерството*

**Партнерството треба да биде видливо во содржината на целиот проект како и во спроведувањето на целата операција.**

**Партнерството треба да го основаат партнери од двете страни на прекуграничниот регион:**

***РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА***



***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***



# *Критериуми за соработка*

**Заедничка подготовка** - проектот мора да биде развиен во тесна соработка на партнерите од двете страни на границата;



**Заеднички персонал -** проектот не смее да ги дуплира функциите на двете страни на границата;

**Заедничка имплементација -** активностите треба да се спроведуваат и координираат од сите партнери и од двете страни на границата;

**Заедничко финансирање -** еден заеднички проектен буџет поделен помеѓу партнерите согласно предвидените активности.

# *Одговорност на партнерите*

**Секој партнер е должен:**




- да ги исполни неговите **обврски** кои произлегуваат од документите кои се однесуваат на спроведувањето на Програмата;
- да ги преземе сите активности неопходни за навремено и **целосно спроведување на својот дел** од проектот;
- да ги преземе сите неопходни дејствија за **да му овозможи на Водечкиот партнер да ги исполни обврските** предвидени со Договорот за грант.

**Партнерот е целосно и единствено одговорен за спроведување на неговите задачи.**

**Секој партнер има право:**

- да го добие **својот дел од грантот** од Програмата преку Водечкиот партнер;
- да обезбеди **тримесечен Извештај за напредок** кој се однесува на задачите предвидени за партнерот во проектот;
- да има **посебно сметководство** за спроведување на проектот, со цел да се овозможи идентификација на секоја финансиска операција.

# *Подобност на апликантите*

**Детални информации - 2.1.1. Подобност на апликантите - од Водичот за апликанти**

- **Законски** основани организации според национална легислатива на државата на чија територија се наоѓаат;
- Регистрирани во **подобниот прекуграничен регион** помеѓу Бугарија и Македонија;
- **Непрофитни** организации;
- **Директно одговорни** за подготовката и управувањето со проектот, без посредничко дејствување.

Примери:

- сите нивоа на регионална / локална власт;
- невладини организации;
- регионални туристички асоцијации;
- центри за образование/обука;
- структури на граѓанското општество;
- центри за локална заедница, итн.



# *Исклучоци од правилата за подобност*

- Подружни структури на локална/регионална/централна власт. Доколку структурата на локалниот/регионалниот/централниот орган не е и не може да дејствува како правно лице, нејзината законски утврдена централна организација, доколку постои, ќе се смета за партнер на проектот.

- Кај националните/регионалните јавни установи чија област на надлежност, утврдена со правни акти, се протега до соодветната област на програмата или кај структурите на централните јавни органи лоцирани во подобниот прекуграничен регион кои не можат да се регистрираат како правни лица - централниот орган ќе се смета проектен партнер.



Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

# Неподобни партнери

- **Детални информации - 2.1.1. Подобност на апликантите - од Водичот за апликанти**









Организации кои не се регистрирани на територијата на прекуграничниот регион (освен наведените исклучоци)




Регионални структури / ограноци, освен локални / регионални / национални власти

Други профитни организации

# *Принцип на водечки партнер*



**Водечкиот партнер е должен:**

- да ги постави основите за сите односи и релации со партнерите;
- да го поднесе проектниот предлог;
- да го потпише  Договорот за грант за спроведување на операцијата;
- да осигура спроведување на целата операција;
- да го префрли соодветниот буџетски износ на партнерите;
- да осигура дека прикажаните расходи на партнерите се платени за спроведување на операцијата и кореспондираат со проектните активности;
- да потврди дека прикажаните расходи на партнерите се валидирани;
- да ги собира и да врши проверка на информациите од партнерите на проектот и да поднесува извештаи за напредокот на проектот;
- да го информирање Управувачкиот орган/Заедничкиот Секретаријат за промените на проектот.

# *Ограничувања за партнерство*

- Не повеќе од **5 партнери** на проектот, вклучувајќи го и Водечкиот партнер;

- Учество во не повеќе од **2 проектни предлози** како партнер во сите случај;

- Проектниот партнер може да биде **Водечки партнер** само во **еден** проект;

- Водечкиот партнер мора да биде регистриран најмалку **12 месеци** пред истекот на крајниот рок за поднесување на проектни предлози;

- Секој проект треба да вклучи **најмалку еден партнер од секоја страна** од пограничниот регион. Проектите кои не се во согласност со ова барање ќе се сметаат за неподобни.



# *Услови за ефективно партнерство*

- волја и способност за партнерско работење;
- јасно разбирање на суштината на партнерството (во специфични области и ситуации);
- подготвеност за споделување на одговорностите и средствата;
- компетентност и сила;
- градење на взаемна доверба;
- конкретно дефинирани бенефиции за секој од партнерите и јасно дефинирана корист од самото партнерството;
- прецизна распределба на активностите и одговорностите во согласност со средствата кои секој партнер ги контролира;
- фокус на квалитетот и резултатот, а не на квантитетот;
- фокус на процесите на интеракција.



# *Корисни совети за партнерство*

- **темелно истражување и планирање** пред поднесување на проектниот предлог;
- **внимателно воспоставување на соработка** - преку прелиминарни состаноци пред потпишување на договор за партнерство; собирање информации за мотивацијата, интересите, знаењата, вештините, очекувањата, како и културните и социјалните аспекти;
- **правилна размена на информации** - преку онлајн базирани алатки за комуникација кои обезбедуваат точни и навремени информации за сите партнери во проектот - најразлични клауд платформи;
- **создавање на партнерска структура**, првична распределба на функциите и улогите на секој;
- не е прифатливо само еден од партнерите, вообичаено водечкиот партнер, да ја врши целата работа. **Сите партнери треба активно да бидат вклучени во спроведувањето на проектот**;
- доколку партнерот на проектот од една страна од границата го развива целиот концепт на проектот самостојно, може да се појави **ризик од планирање на некои активности кои не се применливи согласно националното законодавство** на другата партнерска страна.



## Инфо кампања – Втор повик

**СТРУМИЦА, ШТИП и КУМАНОВО -20- 22.02.2018**

# Ви благодарам за вниманието!

**Заеднички секретаријат**
**Interreg - ИПА ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА БУГАРИЈА-МАКЕДОНИЈА**
**CCI 2014TC16I5CB006**


Презентер

**Ирена Бабамова Стојчева**

Експерт за управување на проекти

irenababamova@gmail.com

**Tel.: +389 34 330 331**



*Програмата е ко-финансирана од Европската Унија*